На ден 16.09.2018 година е одигран натпреварот во рамки на **5** коло од Прва МФЛ помеѓу , Ф.К.Победа АД-Ф.К.Ренова АД на Градски Стадион во Битола .Во 61 минута од натпреварот на играчот со број **Абдула Џелил со ИД 117616, фудбалер на ФК Ренова АД** му е доделен директен црвен картон поради насилничко однесување, удирање на противнички играч без посед на топка . Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата земјаќи ги во предвид сите околности од член 3 од ДП на ФФМ констатира дека со ваквото неспортско однесување пријавениот сторил прекршок утврден во член 40 од ДП на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседател**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**
**ФК Ренова АД**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

Деловоден број 0801- 2095/2

ФФМ

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116, член 121, член 122, 123 и член 125 вв со член 64 и 64а,член 70 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова – Претседавач, Мартин Саздов-член Сашка Зердеска-член, Дејан Бошков - член, постапувајки по пријавата на Комисијата за медицина и анти – допинг бр.08-1715/1 од 20.07.2018 година против Муарем Муарем со ИД 103757 , фудбалер регистриран за ФК Шкупи 1927 АД Скопје, поради присуство на забранети супстанци во примерокот за допинг контрола земен од фудбалерот, врз основа на 64 и 64а од ДП на ФФМ, на ден 23.07.2018 поведе дисциплинска постапка, по што на 11.09.2018 ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. На Муарем Муарем со ИД 103757 , фудбалер регистриран за ФК Шкупи 1927 АД Скопје, врз основа на 64 и 64а,член 70 од ДП на ФФМ поради сторен прекршок од член 64 вв со член 64а- присуство на забранети супстанци во примерокот за допинг контрола земен од фудбалерот надвор од натпреварувањето, му се ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка – Забрана за настап во траење од 2 (две)години.

2. На казнетиот Муарем Муарем во изречената дисциплинска мерка од точка 1 на оваа одлука му се засметува времето поминато под суспензија сметано од 23.07.2018 година до започнување со издржување на дисциплинската мерка изречена како во точка 1 на оваа одлука.

3. Одлуката стапува на сила веднаш.

4. Одлуката да се достави до УЕФА,ФИФА,ВАДА.

5. Одлуката да се објави во стручно информативниот лист на ФФМ-Макфудбал

## Образложение

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за здравство и анти допинг, на седницата одржана на ден 23.07.2018 година во присуство на пријавениот Муарем Муарем, го запозна пријавениот со пријавата против него и околностите од пријавата, го поучи пријавениот фудбалер за правото да бара анализа на Б примерок на сопствен трошок, по што истиот се откажа од ова право на Записник на одржаната седница.

Согласно Пријавата и прилозите кон истата, од Комисијата за медицина и анти – допинг бр.08-1715/1 од 20.07.2018 година, дисциплинската комисија донесе одлука за поведување на дисциплинска постапка против пријавениот Муарем Муарем со ИД 103757 , фудбалер регистриран за ФК Шкупи 1927 АД Скопје и го задолжи да достави писмена изјава во врска со пријавата против него.

Пријавениот фудбалер Мурем Муарем навремено достави писмена изјава примена во ФФМ на ден 26.07.2018 година, заведена под дел бр. 0801-1715/3. Во изјавата пријавениот наведува дека се чувствува невин за прекршокот за кој е поведена дисциплинска постапка против него како професионален фудбалер на ФК Шкупи АД – Скопје. Понатака изјавува дека од самиот почеток на неговиот ангажман како професионален фудбалер во ФК Шкупи АД Скопје, веднаш го известил клубскиот доктор Харкан Мемеди за неговата здравствена состојба и за терапијата која секојдневно ја прима поради проблеми со респираторните органи. Поради ваквата здравствена состојба која со тек на време се влошувала, потенцирајќи ги проблемите со синусите и респираторните органи, пријавениот наведува дека бил приморан повторно да побара медицинска помош од спец.доктор по враќањето од припремите од Турција и истото го направил на 04.07.2018 година во СИТИ МЕДИКА Скопје и на 05.07.2018 година во СИСТИНА кај

спец.доктор при што од страна на спец. др.Сенчо Нетков му било дијагностицирано хроничен синуситис и полипоидна синусна дегенерација, поради што му било сугерирано веднаш да направи операција на синусите. Пријавениот наведува дека имајки го во предвид меѓународниот натпревар кој требало да се одигра одлучил да ја одложи операцијата за 20 дена. При утврдување на горенаведената дијагноза на пријавениот, согласно неговата писмена изјава му било дијагностицирана и АСТМА и АКУТЕН БРОНХИТИС, за што му биле препишани лекови, кои во консултација со докторот на клубот, му биле дозволени и одобрени. Пријавениот во изјавата наведува и дека во неколку наврати разговарал со докторот на клубот во насока на тоа дали лекарствата кои ги прима би имале некакво негативно влијание на неговата професионална фудбалска кариера. Пријавениот наведува и дека на допинг контролата извршена на 08.07.2018 година за време на тренинг на стадионот на ФК Шкупи во Скопје, дал примерок од урина а докторот на клубот и физиотерапевтот на клубот во присуство на Др. Илија Стоилов, го известиле дека го пополниле формуларот и ги навеле сите лекови за кои фудбалерот претходно ги известил и кои биле одобрени од страна на докторот, а кои во тој момент биле неопходни за третирање на влошената здравствена состојба. Во меѓувреме на ден 24.07.2018 година во РЕМЕДИКА му била извршена операција на синусите и моментално истиот е пуштен на домашно лекување.

Комисијата имајки ја предвид писмената изјава на пријавениот, донесе одлука да ги сослуша пријавениот Муарем Муарем, докторот на клубот Харкан Мемеди за што се закажа седница на ден 09.08.2018 година. На седницата комисијата одлучи да го повика и претседавачот на комисијата за медицина и анти допинг Др. Илија Стоилов, како советник.

На сослушувањето пријавениот Муарем Муарем кажа дека доказите ги доставил со писмената изјава до Комисијата. Напомена дека имал здраствени проблеми две години, и истакна дека никогаш не користел недозволени супстанци и лекови, притоа дополни дека секогаш ги прашувал и се консултирал со докторите за лекарствата што ги прима. Истакна дека истото го направил и во моментот кога дошол во Ф.К.Шкупи 1927 АД. Имено, објасни дека го известил докторот Харкан Мемеди дека има здраствени проблеми, како и за лековите што ги прима како последица на здравствените проблеми кои ги има. Дополни дека докторот на клубот бил известен за овие околности дополнително дека во периодот на припремите во Турција со терапијата која ја примал се чуствувал лошо. После враќањето од припремите во Турција бил принуден да се јави на лекар, кога му биле направени снимки бидејќи имал проблеми со синуси и дишењето. По извршениот преглед му било укажано дека мора да оди на операција бидејки му се спуштала болката во градите и не можел да стои. Целата документација која произлегла од овој преглед, заедно со наодите од докторите како и информација за терапијата и лекарствата кои му биле препишани, ги доставил до клубскиот доктор кој му кажал дека може да ги прима тие лекови. Напомена дека во својата кариера седум пати бил на допинг конторола и секогаш резултатите биле негативни. Напомена дека, при направен предходен преглед во врска со неговото здравје кај матичен доктор Марија Христова му укажал на клубскиот доктор дека му биле препишани лекови и истиот му дал потврда да ги користи. Дополни дека пред припреми користел спреј за нос, а по вракање од припремите докторката му препишала и други лекови(два сирупи) Спиропен и Мукоплан. Истакна дека живее од фудбалот и од фудбалот ја гледа својата фамилија. Дополни дека не би направил нешто на своја рака во поглед на медикаменти и дека му верувал целосно на клубскиот доктор кога од него му било кажано дека може да ги користи лекарствата и терапијата која му била препишана. Ја извести комисијата дека операција направил на ден 24.07.2018 и целосната документација ја доставува до комисијата на ФФМ. Дополни дека сирупот што го користел му помогнал меѓу тоа не бил свесен дека истиот има недозволени средства.

На сослушувањето докторот на клубот Харкан Мемеди кажа дека како клубски доктор во клуботе е три месеци и дека му било кажано дека треба да се пријави се што примаат играчите. За ова изготвил листа на играчи и се што примаат играчите. Во случајот со Муарем Муарем се консултирал со неговиот матичен лекар и на матичниот лекар му предочил дека фудбалерот не смее да прима лекови кои содржат кортикостероиди. По враќање од припремите на играчот Муарем Муарем при посета на матичниот лекар Марија Христова му било препишан сируп, кој му дозволил да го пие бидејки сметал дека е на природна база. Објасни дека на денот на допинг контролата не го пријавил сирупот бидејки сметал дека истиот е на природна база. Истакна дека лично тој не препишал терапија, туку истата била препишана од

неговиот матичен лекар Марија Христова, а тој дозволил играчот да ја прима терапијата. Сите медикаменти што ги користиле биле проверени дали се на листа на ВАДА забранетата листа, а сирупот како лек за кој сметал дека е на природна база му дозволил да го пие без да го провери. Истакна дека е негова вина што не проверил дека сирупот има недозволени супстанци во него. Во овој случај смета дека се работи за невнимание бидејки овој играч се што примал пријавувал и се консултирал со него како клубски доктор. Истакна дека комисијата треба да има во предвид дека се работело за влошено здравје кај фудбалерот, а вината за употребата на сирупот ја гледа кај него затота што сметал дека иститот е на природна база.

Комисијата врз основа на списите во предметот и тоа: Пријава од Комисијата за медицина и анти – допинг бр.08-1715/1 од 20.07.2018 година, наод од анализата на примерок од мокрача земен од пријавениот фудбалер Муарем Муарем на надвор од натпреварување допинг контрола, на ден 08.07.2018 на стадионот на ФК Шкупи во Скопје, Македонија, извршена во акредитираната од ВАДА лабораторија во Сеиберсдорф, Австрија, со кодиран број за А и Б шишенцата - А 128945, за присуство на супстанцата: Кленбутерол, Лекарски извештај од 31.05.2017 година од Аџибадем Систина – др. Камелија Булетиќ , Лекарски извештај од преглед направаен на 31.05.2018 година од Аџибадем Систина – др. Драган Манасивески, Лекарски извештај од преглед на 05.07.2018 година од Аџибадем Систина - др. Александар Лазаревски, Лекарски извештај од поликлиника МХ Сити Медика Скопје за преглед на ден 04.07.2018 година од проф.др. Марија Христова, Лекарски извештај рег.б.р 93108950 од Аџибадем Систина за направена процедура КТ на паранзални синуси на ден 05.07.2018 година, Отпусно писмо од Ремедика од ден 25.07.2018 година, изјава од пријавениот фудбалер Муарем Муарем, изјава од докторот на клубот ФК Шкупи АД Скопје Харкан Мемеди, ја утврди следната фактичка состојба:

Дисциплинската Комисија на ФФМ, врз основа на изведените докази во постапката ја утврди следната фактичка состојба.

Примерокот од мокрача е земен од спортистот на направената надвор од натпреварување допинг контрола, на ден 08.07.2018 на стадионот на ФК Шкупи во Скопје, Македонија.

По направените анализи на ден 20.07.2018 година, на неговиот примерок од мокрача извршена во акредитираната од ВАДА лабораторија во Сеиберсдорф, Австрија, со кодиран број за А и Б шишенцата - А 128945, е утврдено присуство на супстанцата: Кленбутерол.

Кленбутеролот е забранета супстанца која спаѓа во групата С1.2 Други Анаболични агенти на ВАДА забранетата листа од 2018 година.

По добивањето на резултатот од анализата направени во ВАДА акредитирана лабораторија во Сајберсдорф, Австрија, на 17.07.2018 и по воведниот преглед на случајот, а во согласност со чл 2.01 од Анти-Допинг Правилникот, и член 64а став 2 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Анти Допинг Комисијата утврди дека играчот не поседува Дозвола за Терапевтска Употреба на споменатите супстанци ниту оправдана причина таквата дозвола да биде издадена во согласност со Интернационалните Стандарди за издавање Дозвола за Терапевтска Употреба, ниту пак било каква друга постапка која би предизвикала таков резултат од анализата.

По воведниот преглед на случајот, спортистот беше веднаш известен преку Фудбалската Федерација на Македонија на 20/07/2018 дека тој можеби сторил прекршок на Анти-Допинг правилата и е времено суспендиран (Автоматска суспензија) во исчекување на сослушувањето пред Дисциплинската Комисија. Времената суспензија е задолжителна –автоматска суспензија, кога по анализата ќе се добијат резултати за присуство на забранети супстанци од групата неспецифични супстанци на ВАДА забранетата листа 2018 год.

Истиот ден 20/07/2018, беше побарано од спортистот да се изјасни дали бара анализа на Б примерокот од неговиот примерок.

Истиот ден спортистот даде писмена изјава дека го прифаќа резултатот од анализата на А примерокот и се откажува од анализа на Б примерокот(прилог потпишана од спортистот изјава за откажување од анализа на Б примерокот).

По откажувањето на анализата на Б примерокот, на ден 23/07/2018, се побара од спортистот да даде писмена изјава во која ќе ги објасни околностите како забранетите супстанци влегле во неговиот организам.

По оваа барање, спортистот даде писмена изјава со кратко објаснение за околностите и начинот како забранетите супстанци влегле во неговиот организам поткрепена со медицински наоди и пропишана терапија за неговата здравствена состојба, но во исто време побара и додатно сослушување пред Дисциплинската Комисија на ФФМ.

Играчот изрази подготвеност да биде сослушан пред Дисциплинската Комисија.

Спортистот останува суспендиран во очекување на исходот на сослушувањето и дисциплинската одлука.

Сослушувањето беше закажано за 09.08.2018 година, во просториите на Фудбалската Федерација на Македонија.

Писмени поднесоци беа доставени од Анти Допинг Комисијата на ФФМ и од играчот. На сослушувањето, играчот ги изнесе усно податоците и фактите како забранетата супстанца влегла во неговиот организам. За околностите како забранетата супстанца влегла во организмот, во својство на сведок, изјава на сослушувањето даде и клупскиот доктор на спортистот.

Дополнителни информации беа обезбедени од страна на претставникот на Анти Допинг Комисијата на ФФМ на Македонија.

Според Член 2.1 од Анти Допинг Правилникот, следното го конституира прекршокот на Анти-Допинг Правилата,

Член 2.1 од АД правилникот; Присуството на забранета супстанца или нејзин метаболит или маркер во примерокот од телото на спортистот.

а)Лична обврска на секој спортист е да не дозволи забранета супстанца биде внесена во неговиот организам. Спортистите се одговорни за било која забранета супстанца нејзин метаболит или маркер кој се докажано присутни во нивниот примерок за допинг анализа. Следствено нема потреба да се докажува намера, грешка невнимание или свесно користење од страна на играчот за да утврди постоење на повреда на Анти Допинг Правилата

Според Член 64а од Дисциплинскиот Правилник при ФФМ, Комисијата треба да ја утврди Повредата на Анти-Допинг Правилата прифатлива за сите организации со право на жалба по истата.

По првичниот преглед на случајот за постоење на дозвола за терапевтска употреба(ТУЕ) или апликација за истата и било кави други отстапувања според Меѓународните Стандарди за Тестирање и Лабораториски Анализи и по дадената писмена изјава од спортистот дека го прифаќа резултатот од лабораториската анализата на А примерокот и се откажува од анализа на Б примерокот од неговиот примерок од мокрача, Комисијата утврди дека нема соодветна ТУЕ ниту апликација за добивање на ТУЕ и било кави отстапувања од Меѓународните Стандарди за Тестирање и Лаборатории па според тоа играчот сторил прекршување на Анти-Допинг Правилата, имено, присутвото на Кленбутерол забранета супстанца која спаѓа во групата С1.2 Други Анаболични агенти на ВАДА забранетата листа од 2018 година .

Спортистот тврдеше дека никогаш немал намера да ги подигне неговите перформанси по не фер пат над оние од неговите колеги и дека никогаш немал намера да мами и дека вистински ја поддржува борбата против допингот во спортот.

Спортистот кажа дека веќе две години боледува од нарушување на дишењето кое многу му смета во секојдневниот живот и во практикување фудбал. Истата дијагноза ја потврди со доставување на медицинска историја од клиниката каде јасно е декларирана дијагнозата за хронично нарушување на дишењето со датум од 17.05.2017 година

Супстанцата која е најдена во неговиот примерок од урина, всушност за него е непозната до моментот на откривањето на истата по анализата на примерокот. Тој ги изнесе сите информации, како дошло до внесување на супстанцата Кленбутерол во неговиот организам, од како бил информиран за истото. Имено тој воопшто не знаел и не бил свесен туку бил изненаден дека според анализата во неговиот примерок е пронајдена забранетата супстанца. Не знаејќи за што се работи, тој со помош на клупскиот лекар проверил се што користел како терапија за неговата нарушена здравствена состојба. При проверката на сите медикаменти тие утврдиле дека во

сирупот кој што му бил препишан од неговиот матичен лекар на ден, 04.07.2018, со бренд име Спиропент, всушност ја содржи забранетата супстанца Кленбутерол. Овој сируп му бил препишан и советувано да го користи за да му се олесни дишењето, а во исчекување на закажан хируршки третман за истата болест, од неговиот матичен доктор. Во прилог достави и медицинска историја за извршен хируршки третман на горни дишни патишта во клиниката РЕ МЕДИКА на ден, 24.07.2018.

Спортистот изјави дека тој го предупредил докторот кој му го препишал медикаментот Спиропент дека тој е спортист и дека мора да внимава да не му се ординира забранета супстанца на што докторот му одговорил да не се секира дека препаратот е безбеден во однос на допингот бидејќи не содржи кортикостероиди.

Истото објаснување му го дал и неговиот клупски доктор кој патем е нов во клубот и со никакво познавање на Анти Допинг политиките и ВАДА забранетата листа. Според нивните познавања, медикаментот не содржел кортикостероиди кои се забранети и може да се користи особено што станува збор само за сируп за олеснување на дишењето.

Спортистот тврдеше дека тој нема добиено никакви информации од клупските доктори или други лица од неговиот клуб за забранетите супстанци.

Додека се повикуваше на недостаток од анти-допинг едукација, играчот искажа дека е во шок поради непознавањето и не искажаната грижа за да не се доведе во состојба на прекршување на Анти Допинг Правилата и дека жали за истото. Тој призна дека користи интернет но дека никогаш нема прочитано било каква информација на Веб страната на ФФМ или други страни кои опишуваат разни АД правила и програми, забранети супстанци и др.

Во име на Анти Допинг Комисијата на ФФМ, Др Стоилов потврди дека клупските доктори и останатите членови на медицинските тимови присуствуваат на годишните едукативни семинари организирани од ФФМ на кои тие ги добиваат сите информации кои се однесуваат на допингот во спортот, забранетата листа, процесот за добивање на дозвола за терапевтско користење на забранети супстанци и др. На ВЕБ страната на ФФМ има секција Анти-Допинг каде се содржани сите релевантни информации во однос на допингот во спортот и важечката ВАДА листа на забранети супстанци и методи за 2018 година.

Принципот на строга обврска според член 2.1 од Светскиот Анти Допинг Код:

"Присуство на забранети супстанци, нивни метаболити или маркери во примерокот од спортистот" лична одговорност и обврска на секој спортист е да се осигура дека нема да дозволи забранети супстанци да влезат во неговиот организам. Спортистите се одговорни за било која забранета супстанца нејзин метаболит или маркер кој ќе се најде во неговиот примерок за допинг контрола. Според тоа не е потребно да се докажува намерата, грешката, невниманието или свесното користење од страна на спортистот за да се утврди постоење на прекршување на анти допинг правилата.

Личните околности и објаснувањето дадено од страна на спортистот како забранетата супстанца влегла во неговиот организам.

Наодот од Лабораторијата

Спортистот никогаш порано нема сторено повреда на анти допинг правилата.

Тој бил тестиран неколку пати во изминатиот период во мегународни натпревари.

Спортистот јасно кажа дека медикаментот кој го користел е во терапевтски цели за подобрување на неговата здравствена состојба. Истата изјава ја поткрепи со приложување на:

медицинска дијагноза поставена на 31.05.2017, во клиничка институција Аџибадем Систина

ординирана терапија од страна на матичниот доктор на ден 04.07.2018

медицинска документација од извршениот оперативниот третман на ден 24.07.2018 Во клиниката РЕ МЕДИКА

При користењето на медикаментот, спортистот го консултирал неговиот матичен доктор и клупскиот доктор за безбедноста на медикаментот за употреб во однос на забранетата листа. Поради немање соодветната едукација двајцата доктори му

даваат погрешна информација, односно, дека лекот е безбеден во однос на ВАДА забранетата листа притоа не косултирајќи ја забранетат листа.

Ова се покажало како клучна грешка при користењето на медикаментот од страна на спортистот и укажува дека спортистот сепак не направил доволно напори да го превенира влегувањето на забранета супстанца во неговиот организам.

Согласно член 10.2 од Светскиот АД Код, периодот на неподобност, кој се наметнува за повреда на член 2.1, ќе биде4 (четири) години каде:

10.2.1.1 Прекршувањето на анти допинг правилото не вклучува специфични супстанци, освен ако спортистот или друго лице докаже дека прекршувањето било ненамерно .

Комисијата, врз основа на исказот на спортистот, неговиот клупски доктро и документацијата за неговата здравсвена состојба, смета дека дека повредата на анти допинг правилото не е намерна, односно, не постојат аргументи дека спортистот мамел.

Комисијата верува дека дека спортистот не бил свесен за природата на супстанцата која се содржи во медикаментот што го користел. Спортистот всушност користел медикамент препишан од неговиот матичен доктор за третирање на неговата здравствена состојба.

За истиот медикамент покрај консултацијата со матичниот доктор, спортистот го косултирал и неговиот клупски доктор кој како и матичниот доктор, му потврдил дека во медикаментот нема забранети супстанции.

Од приложената документација, комисијата се увери дека сепак се работи за хронично нарушување со дишењето кое му го отежнува бавењето со спорт на спортистот а му го отежнува и нормалното функционирање во секојдневниот живот.

Терапијата му била ординирана на две седмици во исчекување на хируршкиот треман само да му го олесни дишењето до хируршкиот треман.

Меицинската документација дека по две седмици спортистот навистина се подложил на хируршки третман на горните дишни патишта покажува дека спортистот навистина медикаментот го користел во терапевтски цели.

Следствено, периодот на неподобност може да биде подложен на намалување во согласност со членовите 10.4 и 10.5

Санкцијата од две години неподобност е со силно влијание врз спортистот, во насока на промена на неговото однесување и почитување на основните начела на чистиот спорт.

На ден 08-07-2018 година, спортистот Мухарем Мухарем изврши прекршување на анти допинг правилото со наод при анализата на неговиот примерок од урина во акредитираната од ВАДА лабораторија во Сеиберсдорф, Австрија- присуство на забранетата супстанца Кленбутерол

Супстанцата Кленбутерол, идентификувана во примерокот, е забранета супстанца во Секцијата С1.2 други анаболни агенти на Листата на Забранети Супстанци на ВАДА од 2018 година.

Се изрекува санкција за прекршувањето на оваа анти допинг правило, согласно член10.2 од Националниот АД Правилник и Светскиот АД Код, со редуцирање на санкцијата, согласно член 10.4 и 10.5- неподобност /суспензија, во период од 2 (две) години почнувајќи од 08.07.2018 и завршувајќи(вклучително и) 08.07.2020 година.

Почеток на суспензијата на 08.07.2018 година

Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека од страна на пријавениот фудбалер Муарем Муарем е сторен прекршок од одредбата на член.2.1 од Националниот антидопинг правилник и Светскиот АД Код, член 14.02 6 од антидопинг правилникот, и член 64 и член 64 а, член 70 од ДП на ФФМ. Комисијата при одлучување ги имаше во предвид сите олеснителни и отежнувачки околности согласно член 10.4 и 10.5 од анти допинг правилникот. Како олеснителни околности Комисијата ги зеде во предвид лекарскиот извештај каде што првично е утврдена дијагноза на 31.05.2017 година во клиничка институција Аџибадем Систина, односно нешто повеќе од една година пред тестирањето на фудбалерот со што комисијата ја отфрли можноста за манипулација на

фудбалерот. Исто така и лекарскиот извештај на ден 04.07.2018 година од Поликлиника МХ СИТИ МЕДИКА Скопје од страна на Проф. Д-р. Марија Христова каде што утврдивме дека на фудбалерот му е даден сируп Spiropen, односно фудбалерот не по своја вина го набавил и почнал да го користи истиот. Лекарскиот извештај од ден 05.07.2018 година од страна на АЏИБАДЕМ СИСТИНА од страна на Д-р. Александар Лазаревски каде што има препорака за анестезиолошки преглед и припрема за операција, и Отпусно писмо од РЕМЕДИКА – ОДДЕЛ ЗА ХИУРУРГИЈА Скопје на ден 25.07.2018 година од страна на д-р. Петреска Дуковска Весна за извршен оперативен зафат за дијагноза polyposis nasi et sinus paranasalis / Opp FESS.
Комисијата одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач,**
**Арбен Борова. с.р**

ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА FEDERATION OF MACEDONIA ФФМ СКОПЈЕ

**ДН:**
Муарем Муарем, фудбалер на ФК Шкупи 1927 АД
ФК Шкупи 1927 АД
Комисија за натпревари;
АРХИВА НА ФФМ;
УЕФА
ФИФА
ВАДА

Деловоден бр. 0801- 1715/3

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 15-2182/1

Прва МФЛ: 2018 - 2019

Скопје: 02.10.2018 Година

---

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 02.10.2018 година донесе:

# ОДЛУКА

1. ФК СИЛЕКС АД - Кратово се казнува со автоматска парична казна од 200.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 8 коло на Прва МФЛ 18/19 помеѓу, ФК СИЛЕКС АД - ФК МАКЕДОНИЈА Ѓ.П 1932 АД, ја констатира следната фактичка состојба: Мбела Еммануел со ИД 133560 фудбалер на ФК Силекс АД се предава на ДК на ФФМ поради добиен црвен картон поради насилничко однесување-удар без топка во 81 минута од натпреварот во рамки на 8 коло на Прва МФЛ помеѓу ФК Силекс АД- ФК Македонија ЃП 1932 АД одигран во Кратово на 29.09.2018 година.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК СИЛЕКС АД - Кратово
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Зам Претседател

Васко Дојчиновски с.р

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 15-2193/1

Втора МФЛ: 2018 - 2019

Скопје: 02.10.2018 Година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 02.10.2018 година донесе:

# ОДЛУКА

1. КФГ ГОСТИВАР АД - Гостивар се казнува со автоматска парична казна од 100.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 7 коло на Втора МФЛ ЗАПАД 18/19 помеѓу, ФК ПЕЛИСТЕР АД - КФГ ГОСТИВАР АД, ја констатира следната фактичка состојба: Илјази Ардит со ИД 110290 фудбалер на КФГ Гостивар АД се предава на ДК на ФФМ поради добиен црвен картон поради недозволен старт при очигледна шанса за гол во 26 мин од натпреварот во рамки на 7 коло на Втора МФЛ Запад помеѓу ФК Пелистер АД- КФГ Гостивар АД одигран во Битола на 29.09.2018 година.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- КФГ ГОСТИВАР АД - Гостивар
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Зам Претседател

Васко Дојчиновски с.р

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата


**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**